**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 октомври 2001 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам 86-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благој Ханџиски, Ванчо Чифлиганец, Драган Митевски, Слободан Даневски и Јордан Бошков ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Немаме доволен број на пратеници.

Очигледно некој од пратениците не притиснале на копчињата на системот.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Присутни пратеници во салата имаме 70.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да работи и одлучува. На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, господинот Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од 76-та, 82-та и 84-та седница на Собранието Ви се доставени.

Дали има забелешки на записниците.

(Нема).

Констатирам дека записниците од 76-та, 82-та и 84-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, јас се јавив неколку пати, а вие не ме забележавте. Дозволете да ја земам картичката и да се јавам за збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас не ве забележав. Повелете.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Долго време јавноста очекува да отпочне денешната седница, меѓутоа со дневен ред кој ни е познат и за кој и внатрешната и меѓународната јавност очекува конкретни резултати.

Обидот, денес атхок, по една кратка расправа на Комисијата за мандатно имунитетни прашања, да се уврсти уште една точка на дневен ред, а тоа е предлогот на Комисијата за одземање на мандатот на пратеникот Хисни Шаќири, мислам дека не придонесува кон создавање на соодветни услови за расправа во однос на усвојувањето на предлог амандманите на Уставот на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само еден момент господине Зибери.

Дајте овој извештај на Комисијата и предлогот, да се изјасни Собранието по него, за верификација на мандатите. Тоа е законска обврска на Собранието. За тоа станува збор сега. После е тоа за што вие сакате да зборувате. Дозволете сега уште еднаш да ви прочитам.

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со верификација на мандати на пратениците во Собранието на Република Македонија.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 73 пратеници, 72 пратеници гласаа за, 1 гласаше воздржано и ниеден пратеник не гласаше против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлог за одземање на мандатот на пратеникот Хисни Шакири.

Господинот Зибери се јави за збор по ова прашање.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, дозволете ми да го изнесам нашиот став дека денешната седница не треба да се оптоварува со друга точка која може да отвори полемика и широка расправа и да ни одземе време, а да не можеме да се посветиме на расправата по предлозите за измени на Уставот на Република Македонија. Тоа дотолку повеќе што вие знаете дека таа точка може да чека и наредна седница, може да се расправа и во една друга атмосфера. Ние пратениците од ПДП имаме впечаток дека намерно се уврстува една точка на дневен ред за да се опструира нормалниот тек на седницата на Собранието, посветена на една многу важна точка, како што се предлог амандманите на Уставот на Република Македонија. Освен тоа, вие гледате

дека пратениците од пратеничката група на"ДПА, чии член е пратеникот на кој се предлага да му се одземе мандатот не присуствуваат на денешната седница.

Би ве замолил, како претседател на Собранието, извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, во однос на мандатот односно одземањето на мандатот на пратеникот Хисни Шакири, да не го уврстувате во денешната седница и Собранието да отпочне со работа по точката на дневен ред, за која и нашата и меѓународната јавност е заинтересирана што поскоро да отпочне и да заврши. Затоа ве молам оваа точка да не ја уврстувате во дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господинот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Сметам дека денес имаме мошне важна седница за одржување на државниот моделитет. Значи денес треба да распразаме за битни прашања, а имунитетната комисија нека се занимава со други проблеми затоа што се знае кој дава и кој одзема мандат на пратеник. Граѓаните ќе одлучат дали ќе му го одземат мандатот или не. Предлагам оваа точка да не се уврстува во дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господинот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине претседателе, колеги пратеници,

Господине претседателе, ви се обраќам на вас затоа што вашата изјава ја поздрави цела македонска јавност, да не заседаваме за амандманите додека не се вратат киднапираните лица. Јас ве потсетувам на тоа ветување. Ве молам тоа да го исполните затоа што гледате дека се откриваат и други елементи на тие киднапирања, а се случуваат повторно и терористички акти. Значи повторно работиме под притисок на војна.

Јас предлагам точката за амандманите да се одложи додека не се среди целата ситуација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има некој да каже нешто по предлогот на Комисијата.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Јас како член на Комисијата прво изразувам сомнеж во однос на работата на Комисијата, од причина што јас како член не сум поканет да учествувам во работата на Комисијата. Секретарот на Комисијата пет минути пред почнувањето на работата на Комисијата, ми се јави телефонски, во времето кога ние имавме состанок на пратеничката група. Мислам дека вака не може да се работи. Тоа е прво.Второ, ние од минатите, како Комисија зборувам, од минатите состаноци на Комисијата се договоривме да се приложи документација и аргументи за секој пратеник колку бил од носно не бил присутен или учествувал, или не учествувал во работата на Собранието, или комисиите, за да сметаме дека поседуваме релевантни докази, дали некој, или некоја, навистина не присуствувал шест месеци во работата на овие тела. Тоа не е направено и затоа ги поддржувам предлозите да се одложи оваа расправа за подоцна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На пратениците им е познато дека предлогот кој е дојден овде е од Комисијата и него може да го повлече само Комисијата. Инаку Собранието само со гласање одлучува по него.

За збор се јавува господинот Горан Невеновски, претседател на Комисијата.

**ГОРАН НЕВЕНОВСКИ:**

Претседателе, јас само околу тоа што го изнесе Биљали.

Јас можам да ви кажам дека господинот Биљали беше повикан како и сите други членови на Комисијата, телефонски, нормално, затоа што Комисијата беше свикана еден час пред нејзиното одржување. Тој образложи дека не ќе може да присуствува, а мислам дека неговото присуство и не беше многу битно, бидејќи имаше кворум за работа и неговиот глас немаше да помогне многу за да не помине оваа точка. Затоа мислам дека тука нема ништо спорно и овој предлог Комисијата нема да го повлече.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи Комисијата не го повлекува предлогот.

Ние сега, ако сакаме да расправаме, кога дојде ред ќе расправеме по тоа. Сега ќе мораме да гласаме.

Процедурално за збор се јавува господинот Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Јас не се сомневам, ако биде прашањето ставено на дневен ред, дека како точка ќе влезе во дневниот ред.

Јас ги молам пратениците да го оценат политичкиот опортунитет на ставањето или не ставањето на дневен ред на ова прашање, дотолку повеќе што за ова прашање ние сме имале можност да расправаме и досега. За ова прашање имаме можност да расправаме и после денешниов ден, или на една друга седница.

Инсистирам да не се оптоварува денешната седница, доколку немате некое друго сценарио, бидејќи вие сте непредвидливи господине претседателе, и затоа не можам да предвидам што сте предвиделе за седницата. Затоа молам, ако веќе држиме до тоа, да расправаме за амандманите, тогаш седницата да не се оптоварува со други работи кои можат да не оддалечат од тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јавува господинот Сејфедин Харуни.

Се е ова деловничка интервенција, бидејќи не сме отвориле расправа по предлогот.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Немам што повеќе да додадам тука. Седницата не смее да се оптоварува. Тоа е едно.

Второ, што ако Хисни Шаќири по 60 дена на кандидатура, се јави како кандидат на листа. Истото тоа ќе ни се повтори. Повторно Шаќири ќе ни биде во Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е веќе расправа. Оставете го тоа.

Збор има господинот Замир Дика. **ЗАМИР ДИКА:**

Господине претседателе, ние малце задоцнивме на седницата бидејќи имавме координација.

Ние денес бевме повикани на седница со определен дневен ред и тој дневен ред е многу сериозен, распарва по уставните амандмани, дел од рамковниот процес и колку што ниеземавме обврска како потписници на тој Рамковен договор, до петок да завршиме со расправа по уставните амандмани и да одиме на гласање.

Денес во 12,00 часот, кога беше определено времето да се свика седницата, атхок се свика седница на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања и колку што добив информација предлогот потекнува од ваша страна, да се одржи таква седница.

Прво, без никаква консултација за вакво супстационално прашање да се оптоварува еден дневен ред на една многу важна седница, сметам дека е несериозно, бидејќи е направено без никаква консултација ни со претседателството, ни со координаторите на пратеничките групи, барем што се однесува за вакви многу значајни седници.

Ние сакаме, ако наидеме на согласност од другите пратенички групи, ова прашање, барем што се однесува до оваа седница, да не се постави, или да не се прошири или оптоварува дневниот ред на оваа седница, бидејќи навистина тоа е нонсенс. Ако идеата да се покрене вакво атхок прашање и албанските политички партии да се прикажуваат дека тие го опструираат процесот и нема да учествуваат во расправата на оваа седница, ако е само тоа цел, јас не знам до каде ќе стигнеме. Навистина ние доцниме со имплементацијата на Рамковниот договор и уште едно доцнење, не знам кому ќе му оди во корист. Сигурно не на граѓаните на Република Македонија кои чекаат што побрзо овие наши игри без граници да се завршат. Затоа ние апелираме до сите, ако се инсистира да се гласа, дневниот ред да се оптоварува со таква точка, да не се гласа. Оваа седница да биде со чист дневен ред, само со оваа точка, сериозна точка, уставните промени и Рамковниот договор, мирот во Република Македонија, а ако сепак надвладее механизмот на надгласување и се надгласа ова наше барање или апел, ние нема да учествуваме на денешната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само едно појаснување.

Точно е тоа дека јас го повикав по телефон господинот Горан Невеновски да закаже седница на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, бидејќи се приближуваше времето да почне седницата, уште два часа или колку имаше, а ние немавме извештај од Комисијата за ново избраните пратеници, а постои законска обврска која го обврзува и него и мене, таква седница да се одржи и јас да добијам извештај, бидејќи по законот, на првата наредна седница, откако Изборната комисија го известила Собранието за исходот од изборите и уверенијата кои се избрани, Собранието е должно да ги верифицира мандатите. Затоа се одржа таа седница.

Јас сега ќе ја прекинам седницата. Ќе дадам пауза од пола час. Координаторите нека дојдат овде, да видиме што можеме да направиме.

Во 14,40 часот претседателот на Собранието предложи пауза од 30 минути.

(по паузата седбуцата продолжи во 15,50 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Констатирам дека присуствуваат мнозинството на пратеници и Собранието може да работи.

Во текот на постапката ќе се држам до тоа што се договоривме на координацијата.

Комисијата за деловнички и Мандатно имунитетни прашања предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлог за одземање на мандтатот на пратеникот Хисни Шакири.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 87 пратеници, 68 пратениоци гласале за,

едне пратеник гласал воздржано 18 пратеници гласале против.

Констатирам дека Предлогот на комисијата е усвоен.

Пратеникот Ненад Ристовски предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за грб на РМ.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам пратеникот Ненад Ристовски да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор пратеникот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Г. претседателе, дами и господа,

Бидејќи ова е предлог на претаничката група на партијата Вистинска Македонска Реформска Опција , итноста ќе ја образложи Г. Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас ќе се држам до она заради кое излегов, имено зошто пратеничката група на ВМРО-ВМРО се определи за ваков вид на процедура за предлагање на итна постапка и уврстување на оваа точка на денешната седница на дневниот ред. Сите ги знаеме настаните кои се случуваат околу иницијативата за измена на Уставот и Предлог амандманите на претседателот на државата и заради постапката, специфичноста на постапката, застоите во процесот, убрзување на процесот, ние неможевме како пратеничка група да проектираме во редовна постапка овој предлог да биде на иста седница кога ќе бидат вакви значјни точки за кои се бара 81 пратеник, односно двотретинско мнозинство во Парламентот. Врзувајќи го овој наш предлог, за да го вржеме овој наш предлог со значењето на промените на Уставот и значењето на точката за донесување на грб на РМ , сметавме дека избирајќи го ваквиот начин на процедура ќе можеме на иста седница...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитувани пратеници ве молам да имаме елементарни услови за работа да се слушаме кога некој ќе добие збор.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Имајќи го во предвид значењето на моментот, значењето на Уставните промени, актуелната политичка ситуација во РМ и значењето на овој проект, грбот, ја избравме оваа процедура да биде на иста седница на која прво ќе дадеме значење на процесот на усвојување на грбот Второ, на истата седница ќе се обезбедат услови за двотретинско мнозинство како што кажав. Кои се трите главни моменти што не натераа во овој момент да побараме итна псотапка на истата седница. Кажав, неможевме да предвидиме кога ќе биде ваквата седница заради политичките околности во државата, а сметаме дека треба да биде на иста седница.

Сметајќи како прво на ситуацијата на државата , психолошката ситуација кај македонскиот народ , стравот кој постои за иднината на државата и за нејзиното опстојување особено без виталните моменти на државата како што се случките за територијата, за опстојување на македонскиот народ во преамбулата и во другите акти, па еден од таквите значајни моменти и одбележје го сметаме грбот, заради таковот нешто сметаме дека во ваква постапка тоа треба да се направи, а сметаме дека и постоењето на грб кој 10 години даваме знак дека треба да се менува е лош знак и кон Меѓународната заедница за нашата сериозност за опстојување на државата и кон внатрешната јавност на Република Македонија. Со донесувањето на еден ваков закон под итна постапка на иста седница со овие амандмани, сметаме дека ќе ја релаксираме воопшто политичката ситуација во Република Македонија. За собранискиот момент потребата од 2/3 мнозинство кажав. И сметаме дека 10 годишното непостоење, постоење на празнина од овој аспект е доволен момент да можеме да апелираме до сите вас господо пратеници да го поддржите овој наш предлог и на оваа седница да го дополниме дневниот ред со законот за грб и грбот кој е ослободен од идеолошки предрасуди, кој е ослободен од политички предрасуди и кој е традиција вековна на Македонија да биде усвоен. Јас за да ве убедам, за да побарам од вас да гласате за овој предлог да биде уврстен на дневниот ред само за почеток ќе го покажам нашиот предлог за кој сакаме вие да се изјасните и да го уврстите на дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на пратеникот Ненад Ристовски овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 94, 54 пратеници гласале за, тројца пратеници гласале воздржано, 39 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на пратеникот Ненад Ристовски.

Со оглед на карактерот на прашањата што се предлагаат да се разгледаат на оваа седница, предлагам предлогот на дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 91 пратеник, 81 пратеник гласал за, воздржано гласале двајца пратеници, против гласале осум пратеници.

Косната тирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

Пратеникот Вангел Симев има процедурална забелешка.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, сакам да ве прашам дали стоите на вашите искажани зборови кога целата македонска јавност ви даде поддршка откако вие кажавте дека се до оној момент додека не сознаете за оние киднапирани лица каде се и дали ќе се ослободат и кога ќе се вратат, вие нема да закажете седница за расправа и измена и дополнување на Уставот. Затоа сакам да ве прашам, дали стоите на вашите зборови, или го менувате вашиот став.

Исто така сакам да ми одговорите дали имате некои сознанија што се случува со лицата, дали сеуште се живи, или дали имате можеби некои други информации, бидејќи денес во "Дневник" имавме можност да прочитаме дека

киднапираните лица се убиени и во една гробница закопани и масакрирани. Дали во тоа има нешто вистина?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте да практикувате пратенички прашања. Јавноста редовно ја информирам за мојот став. Точно, познат е мојот став. Така што не треба некои посебни прашања да ми поставува и да му одговарам. Тоа е прво. Друго, весниците на сите ви се достапни и сите можеме да ги читаме.

Господинот Абдулади Вејсели има процедурална забелешка.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, јас никако нема да се сложувам со ваквата работа на претседателот на Собранието, заради тоа што ние пред малку укажавме, само сега ќе повториме, дека ние денес имаме една многу важна седница каде сите очи на внатрешноста на граѓаните на Република Македонија и на Меѓународната заедница се свртени денеска кон ова Собрание. Меѓутоа, вие и понатаму инсистирате, им давате за право па ги ставате на гласање, па ги усвојувате да бидат на дневен ред закони кои нема да прават со Рамковниот договор. Јас мислам дека предлогот што беше прифатен кој беше предложен од ВМРО-ВМРО нема причина за да биде донесен по итна постапка. Затоа ве молам, дека вие ја оптоварувате оваа седница за да го исполните вашето сценарио. Па ве молам, јас мислам дека ако продолжиме вака нема оваа седница да има крај. Затоа денеска требаше да расправаме само по тоа што е реформи во Уставот на Република Македонија. Само тоа што имаме законска обврска за утврдување на мандатите на пратениците,ние се согласивме. Меѓутоа, вие и понатаму го оптоварувате дневниот ред само да правите опструкција на работата на Собранието за оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, нема основа примедбата во некои од одредбите што ја регулираат процедурата. Според тоа, се одбиза.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија;

2. Утврдување на Предлогот на амднамните на Уставот на Република Македонија;

3. Усвојување на амандманите на Уставот на Република Македонија;

4. Предлог на закон за грб на Република Макеоднија;

5. Предлог за одземаше на мандат на пратеникот Хисни Шакири. Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеници, за гласале 48 пратеници, воздржано гласале 11 пратеници, против гласале 13 пратеници.

Сега ве известувам дека после втората точка Утврдување на Предлог на амандманите на Уставот на Република Македонија и тоа оние 9 амандмани чиј текст го имате сега ќе минеме на петтата точка - Предлог за одземање на мандат на пратеникот Хисни Шакири. Тоа е договорот што го постигнаа координаторите.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред. Има збор пратеникот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги,

Секогаш и од искуството што го имам во ова Собрание кога сме сакале нешто да оди добро и процедурално, кога сме сакале, односно сме имале добра волја за да помине нешто што е во интерес на граѓаните, во интерес на Република Македонија сме нашле начин како тоа да оди и тоа се разбира и со расположението на самиот претседател на Собранието. Во овој случај ценам дека пристапот кон оваа седмоца треба да биде многу попозитивен и на еден друг начин, а не вака како што денеска почнавме и како и понатаму вие господине претседателе се трудите на еден начин сепак да се создаде некоја атмосфера која ќе го побие тоа што беше и расположение и порака. Мислам дека сите тие пораки кои доаѓаат од меѓународниот фактор, односно Меѓународната заедница и последното нивно доаѓање изгледа лидерите на политичките партии релеватни не ги пренесуваат како што треба и до нивните пратенички групи. И денеска и вие самиот како претседател на Собранието се гледа дека сакате на еден начин самата седница да ја водите таму каде што не треба. Јас уште еднаш ви велам дека една завршена работа во Рамковниот договор и потписите на лидерите на партиите и претставниците на меѓународниот фактор...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Рамадани, нема никаква основа оваа ваша интервенција.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас не знам на македонски како тоа го толкувате, тоа што е завршено, треба да се доврши во Собранието на Република Македонија. Вие денеска пак ги искривувате работите, затоа што пратениците на ПДП, односно пратениците албанци се враќаат во процесот со укажување на меѓународниот фактор, а тоа значи дека се враќаме во целиот процеси вие денеска пак сакате да го сегментирате тоа што е процес да не го водите до крај и однапред ни кажувате дека ќе работиме со пет-шест амандмани, па ќе поминеме на друга точка, па ќе закажувате друга седница. А јас мислам дека 86-та седница треба да почне со амандманите кои се доставени до Уставната комисија од претседателот на државата и да се продолжи со другите амандмани на истата

седница. Тоа значи за мене дека нема да има 87-ма седница пак за Предлог-амандманите, туку во 86-та седница да заврши процесот и со тоа да заврши тоа што значи Предлог амандмани за измените во Уставот. Ве молам, овие работи да ги објаснувате добро пред нас за да можеме ние на крајот да се убедиме дека се враќаме во еден фер процес каде што треба да учествуваме и во расправата и во финалето на сето тоа што значи Рамковен договор охридски, односно скопски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само можевте во едно кратко прашање ова да го псотавите и ќе ви одговорев. Осумдесет и шеста седница ќе биде седница на која ќе го разгледаме текстот на Предлогот на секој амандман што ќе го поднесе претседателот Трајковски. Сега ќе ги разгледаме овие што се веќе дојдени, а кога ќе дојдат тие после ќе ги разгледаме. Но, ви соопштив што се договоривме на координацијата. После овие девет, ќе минеме на петтата точка, ќе го одземеме, или нема да го одземеме мандатот, како ќе изгласа Собранието, така, на пратеникот Хисни Шакири, после ќе продолжиме по истата седница по амандманите кои ни доаѓаат и ќе ни дојдат. Осумдесет и седма седница ќе биде седница за донесување одлука за прогласување на амандманите. Тоа е нешто друго.

Според тоа, не гледам какви прашања сега има тука. Продолжуваме понатаму.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, ве молам бидејќи вие ја водите седницата одговорот да биде чист и точен, дали на 86-та седница завршува се што е во врска со Рамковниот договор потпишан во Скопје.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не.

Во Рамковниот договор, вие знаете, има и закони и сешто.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Многу е јасно, немојте сега така, во врска со Предлог измените по Предлог-амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На Осумдесет и шестата седница на Собранието само се разгледуваат и усвојуваат аманданите. Осумдесет и седмата седница што ќе ја закажам е седница на која ќе се донесе одлуката за прогласување на амандманите.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Добро, благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Фадил Бајрами, значи има уште некоја забелешка.

**ФАДИЛ БАЈРАМИ:**

Очигледно е дека се врши опструкција од претседателот на Парламентот и други структури во Државата. Јa информирам јавноста дека нема нашата партија, Национална Демократска Партија нема да учествува во оваа расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, продолжуваме со работа.

Има збор г. Љупчо Анушев, веројатно уште некоја забелешка.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине претеседателе, сакам да ве замолам нешто заради тоа што имаме лошо искуство во овој период што помина. Велам имаме лошо искуство ги молам колегите ако сакаат малку да бидат потивки велам имаме лошо искуство во досегашниот тек на расправите, од она што е ветено пред меѓународниот фактор и ова што се прави овде. Јас незнам, не сум учествувал и незнам како е договорено, меѓутоа, искуството покажува ако не е нешто направено тука како што е договорено со Меѓународниот фактор, некои колеги одат и веднаш се жалат таму, како деца во школо. Ние кога бевме мали во школо тие ги викавме плачковци и издаици, учителке, овој вака ми рече, оној така ми рече.

Ве молам да го правите тоа така, зашто може пак да се прекине и нема да можеме да го направиме тоа што треба да го направиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Цврсто треба да застанеме на нашиот став. Ние работиме врз основа на Деловникот, Уставот и нашите закони. За тоа како работиме, кој е редоследот, странскиот фактор и Меѓународната заедница само ја информираме, за тоа со неа не се договараме.

Според тоа, тоа што го зборуваше и г. Рамадани и сега што слушаме кои се пораките од Меѓународната заедница итн., ние не работиме по нечии пораки, работиме по нашите документи кои ја уредуваат нашата работа. Со тоа завршивме.

Има збор г. Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, и покрај мојата желба да не се јавувам за збор, сепак по вашето искажување и објаснување за тоа како ќе работиме, сепак сум должен уште еднаш да се произнесам и веднаш да забележам дека не е добро и ќе го сметаме како акт на опструкција на спроведување на Рамковниот договор фактот што вие тврдите дека на оваа седница ќе расправаме по сите амандмани што се пристигнати и тие што ќе пристигнат, ќе ги усвоиме, но нема да ги прогласиме. Постапката за промена на Уставот подразбира и донесување одлука за прогласување на амандманите. Затоа, незнам од каде го црпите тоа право на овој начин да ја сецкате постапката за усвојување и прогласување на амандманите на Уставот на Република Македонија. Мислам дека ова е уште една игра да го утврдиме текстот, да го усвоиме, ама нема да го прогласиме, а тоа значи нема да стапат во

сила. Тоа значи дека ќе закажеме нова седница можеби со оваа единствена точка, прогласување на амандманите на Уставот на Република Македонија, што сметам дека не е во ред. Оваа седница требаше да има дневен ред Утврдување, усвојување и прогласување на амандманите на Уставот на Република Македонија. Тоа е прво.

Второ, за да нема и понатаму вакви недоразбирања, како што е практика, предлагам да ни го достави Службата дневниот ред како што досега расправавме, за да видиме точно на што сме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, пречистен текст ќе ви дадат, тоа што го утврдивме тоа е дневен ред.

Минуваме на првата точка - Верификација на мандати ...

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

(без уклучен микрофон)

Да го видиме дневниот ред.

(паузаод 16,15 до 17,15 часот)

Ги молам пратениците да седнат на своите места за да продолжиме со работа.

Во салата се присутни мнозинството пратеници, па според тоа констатирам дека Собранието може да работи.

(реакција од некои пратеници со зборовите "не можеме да работиме")

Како не можеме да работиме.

За збор се јавува г. Абдурахман Алити, но чекајте да констатираме дека има доволно пратеници во салата и Собранието може да работи, па ќе продолжиме. Еве, интервенција има г. Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, во решението за свикување на Осумдесет и шестата седница, вие сте напишале Предлог на дневен ред, па сте рекле:

Утврдување на Предлог на амандманите на Уставот на Република Македонија, и

Втора точка, Усвојување и прогласување на амандманите на Уставот на Република Македонија.

Тоа е чисто.

Денес ние пак имаме предлог за дополнување на дневниот ред со верификација на мандатите на пратениците, дополнување на дневниот ред за одземање на мандат и дополнување на дневниот ред со Законот за грб.

Ние, односно јас, а ги консултирав и моите колеги, односно мнозумина, не слушнавме каква формулација дадовте вие кога го прочитавте дневниот ред.

Вие сега предлагате, односно сте предложиле дневен ред Верификација на мандатот што е вред, Утврдување на Предлог-амандманите на Уставот на Република Макеоднија, што е вреди усвојување на амандманите на Уставот на Република Македонија како трета точка.

На прашањето на Исмет Рамадани, вие одговоривте Дека Одлуката за прогласување на измените на Уставот ќе ја донесеме на една наредна седница. Се работи, барем што се однесува до Пратеничката група на ПДП, за заблуда. Ние за таков дневен ред не би гласале, со таков дневен ред Тешко можеме да учествуваме во работата на седницата, затоа што вообичаено јас сум пратеник исто колку и вие, 12-13 години, ние донесовме Устав, ја знаеме процедурата, донесовме амандмани на Уставот, измена на Уставот, ја знаеме процедурата, но ова е некоја нова процедура.

Јас прво барам одговор на тоа што е причината поради која вие мислите дека прогласувањето на измените на Уставот односно донесувањето на одлуката за прогласување на измената на Уставот треба да се донесе на една идна седница и потоа да продолжам со расправата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние ќе одиме на усвојување еден по еден амандман. Еден по еден ќе Се усвојат амандманите, а одлуката за прогласување ќе биде за сите амандмани една, наеднаш и веројатно тоа *ќе* биде некој свечен чин. Тоа е нешто друго за разлика од работниот Дел, заради тоа што ние тогаш Ќе имаме само амандмани за кои веќе сите се согласиле и ги донеле. Колку се толку се, тие што ќе бидат, јас не кажувам какви се и што се. Тоа е друга работа, акламацијата е нешто друго. Тоа е моја одлука, јас тоа го предложив и вие тоа го прифативте и точка. Натаму нема расправа за тоа, дневниот ред веќе е утврден.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Вие не предложивте измена на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас го прочитав тоа што го предлагам.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Вие го прочитавте тоа така на брзина што мене ми е жал што морам да повторам, ние сме во длабока заблуда со вашето читање.

И второ, се работи за измени на Уставот, интегрален текст на измените. Ние утврдивме 15 или 16 нацрт-амандмани, ние знаеме дека по нив работиме. Вие сега ни укажувате, еве, ќе направиме 5-6 амандмани, после уште 3-4, па после уште 2-3 итн. Со тој начин на работа јавно ви велам дека ние не се согласуваме. Вие градите нова парламентарна пракса, вие воведувате нови правила на однесување и на

работа на Собранието. Затоа, за жал морам да констатирам дека навистина бев во право по друг повод кога ви реков дека незнам што сте наумиле да направите, какво сценарио имате и дајте да бидеме малку почисти во однесувањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине претседателе, мислам дека се работи за недоразбирање, и се надевам дека ќе успееме да го надминеме ова.

Можеби ќе се повторам, но кога дојдовме на оваа седница во овие клупи добивме Дневен информатор со дневен ред:

1.Утврдување на Предлогот на амандманите на Уставот на Република Македонија.

2. Усвојување и прогласување на амандманите на Уставот на Република Македонија.

Во текстот сега што го добивме како точка 3 стои Усвојување на амандманите на Уставот на Република Макеоднија. Ако беше идејата тоа да го направиме, требаше да предложиме измена на втората точка од дневниот ред. Сега се работи за принципиелна работа.

Јас ве разбирам. Добро ќе биде тоа да биде свечен чин, чин на прогласување на амандманите, но поради сериозноста на ситуацијата сметам дека добро би било процедурата да почне со една седница и да заврши со една седница, а свеченоста на чинот можеме да ја направиме на крајот на таа седница, ќе се повлечеме, ќе се собереме сите, ќе ставиме цвеќиња и др., и да го направиме тоа свечено.

Затоа, мислам дека се работи само за недоразбирање и неусогласување на овие две работи. Се работи само за процедурална работа. Ние расправавме по овој дневен ред што го имавме овде и да не го одолговлекуваме процесот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, сепак ви објаснив дека дневниот ред е утврден и донесен. Процедурално, за збор се јави г. Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, моите колеги се обидуваа претходно малку на пофин начин да го кажат тоа што сите сме свесни дека се случува во ова Собрание. Имено, дека не се работи за никаква грешка, туку се работи за сценарио кое што за жал е под водство на претседателот на Собранието. И другите мои колеги го кажаа тоа што јас ќе го кажам сега, но изгледа мора да се повторуваат некои работи додека не се научат или не станат јасни. Очигледно повеќе пати треба да се кажуваат некои ноторни факти што некои не сакаат или не можат да ги разберат.

Имено, со решението на претседателот до нас е испратен дневен ред Утврдување на Предлогот на амандманите на Уставот на Република Македонија и Усвојување и прогласување на амандманите на Уставот на Република Македонија. Претседателот, доколку како сите рамноправни пратеници овде сакаше да го измени дневниот ред, требаше да не извести дека ја менува втората точка од дневниот ред и ќе се изврши само усвојување, но не и прогласување. Претседателот тоа не го направи и манипулирајќи на некој начин и со нашето невнимание до детали да го следиме што прави, иако признавам дека навистина треба да внимаваме што се прави во ова Собрание, затоа што во ова Собрание непочитувањето на договореното, манипулациите со Собранието станаа доблест или начин на кој некои се докажуваат, а непочитувањето и спроведувањето на договорените работи кои биле договорени според тоа што не известија на координацијата кај претседателот, според тоа, јас заклучувам дека претседателот неовластено го сменил дневниот ред, затоа што тој нема право во својство на претседател на Собранието да постапува така како што постапил, туку треба да излезе со предлог за измена на дневниот ред и на таа втора точка што е предложена кај нас, односно како и за другите точки за дополнување на дневниот ред со предлогот за избор на пратеник, предлогот за разрешување на пратеник и другите точки, па соодветно на тоа и втората точка да ја измени. На овој начин се добива впечаток, односно незаменлив е впечатокот дека се работи за манипулација и како таква сметам дека излегува надвор од ингеренциите и овластувањата и од Деловникот по кој работи ова Собрание, па затоа сметам дека треба да уследат нови усогласувања за да се дојде до излез од оваа ситуација. Никакво продолжување под вакви услови мислам дека не може да се одржи на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Прво да кажам незнам зошто вие сметате односно сте убедени дека измамата е добра особина на еден политичар, тоа не ми е јасно.

Второ, тука нам ни се дели дневен ред, сосема друг документ ни се дели, нешто трето ни се прочита и нешто четврто се усвојува или се гласа. Но веќе сме тука со години и процедурата ја знаеме. На три наврати кога сме имале измени на Уставот со амандмани знаеме како сме постапиле. Никогаш како овој пат.

Како аргумент за ова што го зборувам е записникот од Деведесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана

од 4 до 17 јуни 1998 година, каде прва точка е Утврдување на предлогот на амандманот III на Уставот на Република Македонија, а втора точка Усвојување и прогласување на амандманот III на Уставот на Република Македонија. Како е можно сега, тоа што го кажа г. Алити, да измислувате нова процедура.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Абдула Алиу.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, јас како и моите колеги мислам дека процедурално и право не може да се одвои усвојувањето од донесувањето Одлука за прогласувњето на амандманите. Немам што да додадам, бидејќи г. Мерсел Биљали го прочита записникот од кој јасно се гледа дека постои пракса што е уставна како се работи во овие случаи. Единствено мислам дека претседателот на Собранието намерно го прави ова и тоа во принцип, сите вие знаете дека нова седница може да свика само претседателот на Собранието и сака да стане херој за овие измени на Уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Господине претседателе, лично сметам дека вие сте толку факман и пракса имате да го извлечете на добро или на лошо Собранието во секоја ситуација. Јас сум на мислење дека вие треба сега да не извлечете во позитивна смисла. Ова го кажувам од причина што сите, можеби некој добро ја разбрал намерата, но бидејќи не сме имале таква практика до сега, кога со решение нешто друго се предлага, а според Деловникот треба да се предлага измена на дневниот ред, бидејќи тоа не го правевте, тогаш сите гласавте за тој дневен ред што ни беше предложен со решението.

Затоа, би ве замолил, доколку имате намера да продолжите со тоа убедување дека беше изгласан дневниот ред, ако стоите на тоа мислење, тогаш барам пауза и во таа пауза вие со координаторите на пратеничките групи да го разрешиме овој спор и да продолжиме. Во спротивно, како пратеничка група ќе седнеме и ќе заземе став дали да продолжиме или не со оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, еве пауза ќе дадам, нека дојдат кај мене координаторите на пратеничките групи, а со седницата ќе продолжиме утре во 11,00 часот.

(седницата прекина во 17,35 часот)